РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03-259/3
10.2.2022 год./viti
СКОПЈЕ / SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

[redacted] тита на правата на

[redacted] и реформи

[redacted]

Предмет: Одговор на барањето за слободен пристап до информации, со наш број 03-259/1 од 3.2.2022 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101 од 22.5.2019 година), Ви доставуваме одговор на Вашето барање.

Го разгледавме Вашето барање и Ви ја доставуваме бараната информација која се однесува на барање, кое е поврзано со работата на Македонско-бугарската комисија за историски и образовни прашања, а во кое се наведени следниве прашања:

1. Дали сте добиле конкретно известување или документи од страна на Министерството за надворешни работи и историско-образовната комисија за да започнете со промена содржините во учебниците?
2. Бараме потврдни одговори кои учебници и од кои одделенија ќе се менуваат.
3. Бараме конкретни образложенија кои теми во содржините ќе се менуваат и од кои причини?
4. На кој начин би се менувале содржините во учебниците (печатено или дигитално)?
5. Дали промените во учебниците ( доколку ги има) се одобрени од страна на стручни лица од соодветната област?

Ве информираме дека до Бирото за развој на образованието не е доставено барање, ниту било каков друг документ за промена на учебниците од страна на Министерството за надворешни работи и историско-образовната комисија во однос на промена на содржините на учебниците.

Биро за развој на образованието

(Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер – Ирена Борисовска)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03-259/2
10.2. 2022 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр. 101/19), член 20 став 1 од Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на РМ” бр. 37/06, 142/08, 148/09, 69/13, 120/13, 148/13, 41/14, 30/16 и 64/18), член 22 од Правилникот за внатрешна организација во Бирото за развој на образованието бр. 01-970/1 од 18.06.2015 година, и Решението за определување службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 02-135/1 од 30.01.2020 година, се донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се одобрува барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-259/1 од 3.2.2022 година од барателот „[redacted]ус“ асоцијација за унапредување на воспитно-образовниот систем и заштита на правата на децата и младите во образованието Битола и Граѓанска иницијатива за образовни реформи „Учебници и настава мора да има“ застапувани од [redacted]
2. Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

3. На 3.2.2022 година до Бирото за развој на образованието, беше доставено барање, кое се однесува на работата на Македонско-бугарската комисија за историски и образовни прашања, а во кое се наведени следниве прашања:

1. Дали сте добиле конкретно известување или документи од страна на Министерството за надворешни работи и историско-образовната комисија за да започнете со промена содржините во учебниците?
2. Бараме потврдни одговори кои учебници и од кои одделенија ќе се менуваат.
3. Бараме конкретни образложенија кои теми во содржините ќе се менуваат и од кои причини?
4. На кој начин би се менувале содржините во учебниците (печатено или дигитално)?
5. Дали промените во учебниците ( доколку ги има) се одобрени од страна на стручни лица од соодветната област?

Барањето се разгледа од страна на овластеното лице и се констатира дека истото е основано.
Имајќи го предвид горенаведеното се донесе решение како во диспозитивот.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Барателот
- Архивата

Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Ирена Борисовска

Ирена Б.

[redacted]

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 3. 2. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организ. Njësia | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 03 | 259/1 | – | |

[redacted]

До

Биро за развој на образованието

БАРАЊЕ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Почитувани !

Граѓанската иницијатива „ Учебници и настава мора да има“ и членови од Асоцијацијата за унапредување на воспитно-образвниот систем и заштита на правата на децата во образованието [redacted]“, со овој допис, од Вас бараме информации поврзани со најавата за промена на наставната содржина во учебниците кои се најавуваат од страна на Министерството за надворешни работи. Барањето на информации произлегува од нашата загриженост поради досегашната некооперативност со поранешната министерка Мила Царовска. Ние со право се сомневаме дека реформите поврзани со дигитализацијата, не се воведени за унапредување и олеснување на наставната програма, туку дека зад нив се крие лесно менаџирање и менување на содржините на дигиталните учебници. Целокупниот процес на дигитализација на учебниците кој досега беше имплементиран од поранешниот министер, не е ниту законски ниту уставен .

Од изјавата на Г-дин Драги Ѓеорѓиев член на Македонско-Бугарската комисија за историски и образовни прашања , обајвена на вестите на Тв Сител на 25.01.2022 година, во која потврдува дека двете влади одлучиле за промена на содржините на учебниците, само дополнително се потврдуваат нашите сомнежи во искрената намера на беззаконата дигитализација.

Поради горе наведеното, од Вас како одговорна институција, ги бараме следниве информации:

1.Дали сте добиле конкретно известување или документи од страна на Министерството за надворешни работи и историско- образовната комисија за да започнете со промена на содржините во учебниците?

2.Бараме потврдни одговори кои учебници и од кои одделенија ќе се менуваат.

3.Бараме конкретни образложенија кои теми во содржините ќе се менуваат и од кои причини.

4.На кој начин би се менувале содржините во учебниците ( печатено или дигитално)?

5.Дали промените во учебниците ( доколку ги има ) се одобрени од страна на стручни лица од соодветната област?

Ние како родители и граѓани имаме право да знаеме какви содржини ќе изучуваат нашите деца.
Очекуваме одговори, согласно член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со почит

[redacted] .com [redacted]

Датум

02.02.0222

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

7000 Битола 25,00

Вред.

6574 01 05

Маса ≤ 20г.
[illegible]

До

Биро за развој на образованието
ул„ Руѓер Бошковиќ" бр: 20
1000 Скопје